**ЈП „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ” П.О. СКОПЈЕ**

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 02-594/1
18 -10- 2023 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# У П А Т С Т В О

## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПРИ РЕШАВАЊЕ НА БАРАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА СЕЧА НА РЕТКИ ВИДОВИ ДРВЈА, ПОЕДИНЕЧНИ ИЛИ ГРУПА НА ШУМСКИ ДРВЈА НА ПОВРШИНИ НАДВОР ОД ШУМА ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ

**С К О П Ј Е 2023**

Врз основа на член 36 од Статутот на ЈП „Национални шуми" п.о. Скопје; член 62, член 63, член 67, член 68, член 69 и член 69-а од Закон за шумите („Службен Весник на Република Македонија бр.64/2009, 24/11, 53/11, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16, 147/17 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.274/22); Решението за определување на ретки видови дрвја бр.09-3517/1 од 05. Мај 1998 година; Правилник за видот на ознаката за сеча, видот на шумскиот жиг за ознака за сеча, начинот на вршење на ознаката за сеча, формата и содржината на книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во државна сопственост, книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во приватна сопственост и книга за евиденција на направена шумска штета во шума во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.183 од 12 декември 2014) и Правилникот за дополнување на Правилник за видот и начинот на жигосување, видот на шумскиот жиг за жигосување за исечено дрво и дрвни сортименти, начинот на издавање на испратница, пуштање во промет на исечено дрво, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници, формата и содржината на испратниците, формата и содржината на барањето за издавање на испратница и висината на надоместокот за издадени испратници („Службен весник на Република Северна Македонија бр.108 од 26.05.2023 година); Директорот на ЈП „Национални шуми" п.о. Скопје го донесе следното:

# УПАТСТВО
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПРИ РЕШАВАЊЕ НА БАРАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА СЕЧА НА РЕТКИ ВИДОВИ ДРВЈА, НА ПОЕДИНЕЧНИ ИЛИ ГРУПА НА ШУМСКИ ДРВЈА НА ПОВРШИНИ НАДВОР ОД ШУМА ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со ова упатство се уредува постапката на стручните служби во Подружниците во врска со решавањето на барањата на сопствениците за одобрение за сеча на ретки видови дрвја, на поединечни или на група шумски дрвја на површини надвор од шума на кои постои право на сопственост.

### Член 2

Службите и стручните лица се должни постапката да ја водат согласно Законот за општа управна постапка, Законот за шумите и други законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

### Член 3

При водењето на постапката и одлучувањето, стручните служби во подружниците на ЈП „Национални шуми" п.о. Скопје се должни на странките сопственици на ретки видови дрвја, поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума, да им овозможат заштита и остварување на правата, при тоа водејќи сметка да не биде на штета на правата на други лица ниту во спротивност со јавните интереси пропишани со Закон.

### Член 4

Со цел донесување на законито и правилно решение во постапката потребно е објективно и стручно да се утврди фактичката состојба.

## II. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ

**Член 5**

Граѓанинот, сопственик на ретки видови дрвја, поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума, поднесува барање за одобрение за сеча на образец издаден и утврден од страна на ЈП „Национални шуми" п.о. Скопје.

**Член 6**

Барањето за одобрение за сеча се поднесува во архивата на подружницата и се заверува (архивира) од страна на овластениот работник.

За секое барање се отвара предмет со архивски број со рок на чување од десет години. На барателот за поднесеното барање му се издава приемен број.

**Член 7**

Кон барањето странката сопственик приложува:

- Доказ за право на сопственост (имотен лист не постар од шест месеци).
- Извод од катастарски план (скица).
- Доказ за идентитет на барателот со важечки документ за идентификација со лично присуство (лична карта или пасош).
- Доколку парцелата е на повеке сосопственици, потребна е согласност од останатите сосопственици (со лично присуство или со полномошно заверено од нотар).
- Доколку сопственикот барател на одобрение за сеча неможе да биде лично присутен, барањето го поднесува ополномоштено лице од сопственикот со полномошно заверено од нотар, со важечки документ за идентификација и лично присутен.
- Изјава на барателот заверена на нотар, дека поднесените докази за сопственост и други поднесоци за кој се однесува барањето се веродостојни за што одговара лично.
- Доколку дрвјата се израснати на самата меѓа истите се во сосопственост на соседите на обете страни на меѓите на земјиштето, тогаш барателот треба да достави Согласност заверена на нотар од сопственикот-ците на соседната-те КП со кои ја дели меѓата.

**Член 8**

Барањето го превзема овластен работник од подружницата на ЈП „Национални шуми" п.о. Скопје и во рок од 30 дена врши стручна процена на доказите и врши теренски увид.

Врз основа на теренскиот увид ја утврдува фактичката сотојба со сите потребни таксациони елементи, и согласно важечката законска регулатива изготвува Записник на образец утврден од страна на ЈП „Национални шуми" п.о. Скопје.

Врз основа на утврдените елементи во Записникот изготвува Одобрение за сеча.

**Член 9**

Одобрението за сеча се изготвува во три еднообразни примероци потпишано од страна на овластено лице.

Еден примерок од Одбрението за сеча му се дава на барателот, еден примерок се приложува во предметот и еден примерок во архивата на подружницата.

На странката му се врачува Одобрението кога ќе приложи доказ за уплатени средства за извршена услуга, согласно важечкиот Ценовникот на ЈП „Национални шуми" п.о. Скопје за ознака, жигосување и издавање испратница за шумите во приватна сопственост, како и за ретки видови дрвја, на поединечни или на група шумски дрвја на површини надвор од шума во приватна сопственост.

**Член 10**

Одобрение за сеча на ретки видови дрвја, поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума во приватна сопственост, на подносителот на барањето ќе му се издаде кога:

- дрвјата се суви или заболени,
- физиолошки се зрели,
- постојат други причини поради кои им претстои непосредна опасност од сушење,
- се вршат агротехнички мерки,
- заради изградба на објекти во функција на стопанисување со шумата и објекти од јавен интерес утврдени со закон, по претходно одобрение на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во соработка со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежна за работите од областа на заштита на животната средина и просторното планирање.

**Член 11**

Одобрение за сеча на ретки видови дрвја, поединечни или група на шумски видови дрвја на површини надвор од шума во приватна сопственост, на подносителот на барањето нема да се издаде во случаите кога:

- Лицето не поседува доказ за право на сопственост;
- Има значителни одстапувања на површината на катастарската парцела на терен од онаа во катастарската евиденција;
- Дрвјата не се зрели за сеча;
- Не им претстои непосредна опасност од сушење;
- Не се вршат агротехнички мерки;
- Не се врши изградба на објекти во функција на стопанисување со шумата и објекти од јавен интерес утврдени со закон;
- Како и во други случаи ако се оцени дека со сечата ќе се предизвика општествена или поединечна штета.

**Член 12**

Доколку се одбива барањето за сеча на ретки видови дрвја, поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума, на сопственикот барател му се дава образложение за причините заради кои му се одбива барањето.

**Член 13**

Доколку постојат услови за прекин на потапката, овластениот работник донесува Заклучок врз основа на член 95 од ЗОУП со образложение за причините за прекин на постапката (Заклучокот се изготвува на образец кој е составен дел на ова упатство).

## III. УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО

**Член 14**

Согласно член 106 и 107 од Законот за општа управна постапка незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на Одобрението, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## IV. ОЗНАКА, СЕЧА, ПРИЕМ, ЖИГОСУВАЊЕ И ПРЕВОЗ НА ПОСЕЧЕНОТО ДРВО

**Член 15**

Теренскиот увид и ознаката се вршат по предходно изготвен план со утврдени термини за секоја катастарска парцела посебно, врз основа на поднесените барања, за што благовремено се известуваат заинтересираните страни.

Ознаката се врши пред врачувањето на одобрението за сеча. Ознаката се евидентира на посебни обрасци и се приложува кон одобрението за сеча. Ознаката за сеча се врши со шумски жиг во форма на рамностран триаголник чија страна изнесува 35 мм, кој е нумериран со арапски броеви, во кои е испишан називот и седиштето на правните субјекти кои стопанисуваат и управуваат со шумите во државна сопственост. При ознаката за сеча, се втиснува јасно видлив шумски жиг, со употреба на водоотпорна боја и тоа наизменично: една година црвена боја - непарна година и една година црна боја - парна година.

После извршената сеча се врши премер на посечената дрвна маса на местото на извршување, односно во катастарската парцела и се врши проверка дали сечата е извршена според извршената ознака (број на стебла, дрвна маса). Доколку се утврдат значителни одстапувања, постапката околу жигосување и издавање на документација за превоз се прекинува и се поведува прекршочна постапка.

Сечата и превозот на посеченото дрво се врши во рок утврден во одобрението за сеча.

Жигосувањето на исечено дрво и дрвни сортименти надвор од шума се врши по приемот на дрвото на местото на сеча, односно на местото на утовар на дрвните сортименти, а пред пуштањето на истите во промет.

Жигосувањето при испорака се врши со шумски жиг во форма на четириаголник чија страни изнесуваат 40x40 мм, кој во средина е нумериран со арапски број, на горната страна стои скратен назив и седиштето на субјектот, а во долниот делна жигот стои „надвор од шума". При втиснување на шумскиот жиг се употребува водоотпорна кафена боја.

Покрај шумскиот жиг на техничкото дрво се втиснува и пластична плочка која е со црна боја и регистерски број.

Испратница се издава за секое превозно, односно преносно средство на местото на утовар и важи за денот, часот и времето потребно за користење на испратницата. Рокот на важноста на испратницата не може да се продолжува. До колку испратницата од оправдани причини (дефект на превозното средство и слично) не е искористена за денот, односно во времето утврдено со испратницата, ќе се замени со нова (само во случај кога дефектот е пријавен во шумската полиција или најблиската полициска станица). Во вакви случаи нова испратница издава субјектот што ја издал неискористената испратница врз основа на записникот од шумска полиција или редовна полиција (која треба да се врати во кочанот со образложение), по предходна проценка за оправданоста на таквото барање. Испратницата има важност само за еден превоз односно пренос.

**Член 16**

По извршената ознака, уплата, сеча и издадена испратница за испорака на посечената дрвна маса од катастарската парцела, комплетната документација (Барање за сеча, Записник, Одобрение за сеча, Уплатница, Ипратница и друго), задолжително се чува во Предмет за КП за која се однесува Барањето.

## V. ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ

### Член 17

Евиденцијата на извршените работи во врска со издавање на одобрение за сеча на ретки видови дрвја и на поединечни или група на шумски дрвја надвор од шума на кои постои право на сопственост се врши на обрасци РВ-1 и РВ-2 кои се составен дел на ова Упатство.

### Член 18

За издаденото Одобрение за сеча на ретки видови дрвја, поединечни стебла или група на шумски дрвја надвор од шума на кои постои право на сопственост, подносителите не уплаќаат средства за проширена репродукција.

### Член 19

Ретки видови на дрвја според Решение за определување на ретки видови дрвја во шума бр.09-3517 од 05 мај 1998 година донесено од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, се следните:

1. Орев **(Juglans regia)**
2. Питом костен **(Castanea sativa)**
3. Див костен **(Aesculus hipocastanum)**
4. Мечја леска **(Corylus colurna)**
5. Гол човек **(Arbutus andrachne)**
6. Полски брест **(Ulmus campestris)**
7. Планински брест **(Ulmus Montana)**
8. Горски јасен **(Fraxinus excelsior)**
9. Планински јавор **(Acer heldreichii)**
10. Даб стежер **(Quercus peduncuilata)**
11. Сива топола **(Populus canescens)**
12. Ситнолисна липа **(Tilia cordata)**
13. Тиса **(Taxus baccata)**
14. Дива фоја **(Juniperus excelsa)**
15. Питома фоја **(Juniperus foetidisima)**
16. Мечје грозје **(Arctostaphylos uva-ursi)**
17. Македонска мушмулица **(Cotoneaster mariana)**
18. Дива слива **(Prunus coccomilia)**
19. Степски бадем **(Amigdalys nana)**
20. Див бадем **(Amygdales webbii)**
21. Бел трн (Сланушка) **(Crataegus heldreichii)**
22. Сив глог **(Crataegus incana)**
23. Македонски глог **(Crataegus sericea)**
24. Кадрав глог **(Crataegus villosa)**
25. Сирка **(Ziziphus jujuba)**
26. Жолта коприва **(Celtis tournefortii)**
27. Божиќно дрво **(ilex aquifolium)**
28. Дива цреша **(Prunus avium)**
29. Горупла **(Prunus mahaleb)**
30. Гола копривка **(Celtis glabrata)**
31. Дива јаболка **(Malus florentina)**
32. Зелена евла **(Alnus viridis)**
33. Кривуљ **(Pinus mugo)**

34. Паласки бор **(Pinus nigra var.palasiana)**
35. Платан **(Platanus orientalis)**
36. Муника **(Pinus heldreichii)**

**Член 20**

Составен дел на Упатството се следните обрасци:

- Барање за сеча
- Изјава
- Согласност
- Записник од увид на лице место
- Одобрение за сеча
- Заклучок за запирање на постапката
- Образец РВ-1
- Образец РВ-2

**Член 21**

Ова Упатството влегува во сила со денот на донесувањето.
Секое не придржување кон одредбите од ова Упатство претставува потешка повреда на работните задачи.

Скопје,
18.10 2023 година

*Изработиле:*
Светлана Филиповска дипл. шум. инж.
Трпе Мисајловски дипл. шум. инж.

*Контролирал:*
Пом. Директор
Николчо Киров дипл. шум. инж.

**ЈП „Национални шуми“ п.о. Скопје**
**Директор,**
**Валентин Груевски**